Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-14/1
02. 01. 2020 2019 година
Скопје

Врз основа на член 40 став 1 точка а) алинеа 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РСМ" бр.24/19) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), со овластување на министерот за правда, заменикот министер донесе

## О Д Л У К А

## за набавка на услуга за редовно одржување и поправка на лифтови за два месеци во Министерство за правда

### Член 1

Министерство за правда донесе одлука за набавка на услуга за редовно одржување и поправка на лифтови за два месеци во Министерство за правда.

### Член 2

За реализација на набавката од член 1 од оваа одлука потребни се средства во износ од 40.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 7.200,00 денари односно 47.200,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 3

Средства се обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10–администрација, ставка 424.

### Член 4

Набавката на стоката од точката 1 на оваа одлука се врши без спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 40 став 1 точка а) алинеа 1 од Законот за јавни набавки, односно за овој предмет на набавка не се применуваат одредбите Законот за јавни набавки.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за правда има потреба од набавка на услуга за редовно одржување и поправка на лифтови за период од два месеци сметано од 03.01.2020 год. До 03.03.2020 година, наведена во член 1 од оваа одлуката. Потреба за набавката од член 1 се појави поради истечен договор за одржување на лифтови, а поради потреба од редовно одржување на истите, се до спроведување на постапка за јавна набавка за редовно одржување на лифтовите. Износот наведен во одлуката ќе влезе во вкупната проценета вредност на постапката за спроведување на услугата за набавка на редовно одржување и поправка на лифтови за потребите Министерство за правда.

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Доставено до:**
- Сектор за финансиски прашања
- Архива

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**По овластување на Министер за правда**
**Заменик Министер**
**Оливер Ристовски**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup